Промоцијата беше во рамките на проектот поддржан од владата на Македонија "Превод на 500 стручни, научни книги од областа на транспортот, од кои се учи на врвните факултети и универзитети во САД и Англија а од областа на правото во Франција и Германија".

"Сите овие книги нудат нови хоризонти и нови знаења, кои во минатото беа тешко достапни, или пак воопшто не беа достапни, како за нашите студенти, така и за професорите. Тие ќе претставуваат моќно оружје, во рацете на нашите студенти, што ќе им овозможи повеќе знаење, вештини и поголема конкурентност на домашниот и на светскиот пазар на труд" изјави премиерот Никола Груевски на денешната промоција и додаде дека до крајот на годинава ќе бидат испечатени сите 500 дела.



Машинскиот факултет како благодарност за успешната соработка со владата и по повод 50 години постоење на премиерот Груевски му додели плакета.

"Овие наслови како и сите минати и идни изданија од овој проект даваат можност да се биде во тек со современите случувања, како и со најновите теоретски и практични содржини достапни за студентската популација од развиените земји" изјави министерот Тодоров на промоцијата. Министерот додаде дека веќе отвориле нов тендер за превод на уште 500 дела од овој проект.

Ова беше 12-та промоција досега и за веќе 217 испечатени дела од владиниот проект, се прават напори да се најдат и во комерцијална употреба.



## ТЕМПУС

Во рамките на проектот „Компетенции – поврзување на компетенциите помеѓу високото образование и стопанството: од каталог на компетенции до стратегија и развој на наставни програми" се одржа тренинг за методологијата за изработка на софтверска алатка за мерење на компетенциите во времетраење од 3 дена (25-27.01.2010) во просториите на новата зграда на Машински Факултет во просторијата К3-9.

На состанокот, покрај претставниците од нашиот Универзитет, присуствуваа сите партнери на проектот: Универзитетите од Зеница, Црна Гора, Нови Сад, како и претставници од Универзитетот за применети науки од Грац и Католичкиот Универзитет од Гент.



**Година 2010, јануари, број 87**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***ИНФОРМАТОР***

## ПРОМОЦИЈА

Промоцијата на магистри по машинство и дипломирани инженери ќе се одржи на ден 29.01.2010 во 19 часот во Драмски Театар Скопје.



На промоцијата се очекува присуството на претседателот на Република Македонија г-дин Ѓорге Иванов и негово обраќање. Други гости на промоцијата ќе бидат Министерот за образование и Ректорот на Универзитетот.

Присуството на наставниот кадар и другите вработени е повеќе од пожелно!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**18.02.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**25.02.2010**
**17 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Вкупно 22 дела преведени на македонски јазик од областа на транспортот и механиката на 24 јануари беа промовирани на Машинскиот факултет од страна на премиерот Никола Груевски, министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски и министерот за образование Никола Тодоров.

